**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0803 – 98/5**
**Скопје, 26/02/2009 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за наменски дотации – 930 на општина Охрид за 2007 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Сметката за наменски донации – 930 на општина Охрид за 2006 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- ✓ Александар Петревски – Градоначалник од 2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 20.11. до 21.11. 2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната

ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции.
Веруваме дека извршената ревизија обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.1.1. На сметката на Наменски дотации-приходи на општина Охрид на 31.12.2007 година има салдо од 510 илјада денари, овие средства не се потрошени согласно финансиките планови на корисниците за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа иако буџетската година е завршена. Непочитување на временската рамка за користење на буџетските средства наведена во финансискиот план доведува до неискористување на средствата и до нереализација на планираните активности.

**Препорака**:

Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани согласно финансиките планови на корисниците на тие средства.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации на општина Охрид на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиките извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

Скопје,23/02/2009



*Овластен државен ревизор*
______________________

**Општина Охрид**
**Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 36,254 | 30,175 |
| **Вкупно приходи** | **36,254** | **30,175** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 7,661 | 7,163 |
| Стоки и услуги | 27,923 | 21,497 |
| **Вкупно тековни расходи** | **35,584** | **28,660** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 160 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **160** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **35,744** | **28,660** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **510** | **1,515** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **510** | **1,515** |

**Општина Охрид**

**Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 510 | 1,515 |
| **Вкупно тековни средства** | **510** | **1,515** |
| **Вкупна актива** | **510** | **1,515** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 510 | 1,515 |
| **Вкупно тековни обврски** | **510** | **1,515** |
| **Вкупна пасива** | **510** | **1,515** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
_______________________